


***За Русиново родното место на Благој Механиски е интересно  да се спомене дека три години по Илинденското востание еден особено трагичен настан длабоко ги потресол русинци. Имено, на 23 декември 1906 година смилевчанецот Даме Груев со своите соборци Сандо Китанов од Горноцумајско и Атанас Карчев од Кукуш пристигнале во Русиново со цел да посетат повеќе селски комитети во Малешевијата.***

Истата ноќ од неколку страни навлегол турскиот аскер. Во таа жестока престрелка Даме Груев бил ранет, но со другарите успеале да се извлечат и да се упатат кон најблиската корија. Движејќи се бавно и пружајќи отпор се довлекле до под врвот

Петлец, каде биле убиени. Затоа, во центарот на Русиново е поставена биста на револуционерот Дамјан Груев.

Русинци ја имаа таа несреќа, но истовремено и среќа, својата судбина трајно да ја врзат со големиот македонски револуционер Даме Груев. Се вели несреќа, зашто во нивното Русиново тој го заврши револуционерниот пат, а среќа, бидејќи со неговото име станаа попознати и ја имаат таа привилегија непосредно да му оддаваат почит на местото каде што во еден студен декемвриски ден на врвот Петлец згасна животот на славниот војвода, учител, револуционер, но и масон, во исто време.

Русинци цели сто години го чуваат споменот на Даме Груев, на еден од столбовите на македонското револуционерно движење. Секоја година му оддаваат достојна почит за заслугите за македонското дело. Тоа се потврдува со песната што ја испеал народот.

*„Низ Петлец идат, трима војводи* 

*Идат и питаат за Русиново, за Алаѓозо.*

 *Првие беше тој Дамјан Груев*

 *Второе беше Атанас Карчев* Атанас Карчев

 *Третие беше Сандо Китанов...“.*

Вака пеат русинци и без оваа песна не може да помине ниту една свадба и веселба.


ТУКА
ЗАГИНА
ДАМЕ ГРУЕВ

[illegible]


ТЕРА МАРКЕТ



**Пишува СЛАВЕ КАТИН**